| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот документ | ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА<br>УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ГРАДБИ ОД СТРАТЕШКИ ИНТЕРЕС ЗА ИЗГРАДБА НА ПАТЕН КОРИДОР 10 Д, ДЕЛНИЦА НА АВТОПАТ: ПРИЛЕП - БИТОЛА,<br>Општина Прилеп, Општина Могила и Општина Битола<br>(km 7+825.81 – km 37+072)<br>ИЗМЕНА И ДОПОЛНА бр.2 со стационажа<br>km 0+000 – km 39+453 |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | Министерство за транспорт на РСМ |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Министерство за транспорт на РСМ |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | ГРАДЕЖЕН ИНСТИТУТ "МАКЕДОНИЈА" А.Д. - Скопје<br>Славица Чавдаровска Наумова, дипл.инж.арх<br>(овластување бр. 0.0469) |
| Назив на работното место | Планер |
| Контакт податоци за лицето | ул. Дрезденска бр. 52, 1000 Скопје<br>тел. 02/3066-836 |

| **Основни податоци за планскиот документ** |
|---|
| **Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)** |
| Градби од стратешки интерес се државни патишта, железнички пруги, магистрални гасоводи, како и други градби од јавен интерес, кои се реализираат како стратешки инвестициони проекти или проекти од стратешко национално значење утврдени со закон, а чија изградба како градби од јавен интерес е предвидена со урбанистички проект за градби од стратешки интерес, одобрен во согласност со Законот за урбанистичко планирање („Сл. весник на Република Северна Македонија“, бр. 32/2020, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25), Согласно Законот за утврдување на јавен интерес и номинирање на стратешки партнер за имплементација на проектот за изградба на инфраструктурниот Коридор 8 (делница: Тетово – Гостивар – Букојчани и Проектот за автопатот Требеништа – Струга – Ќафасан) и коридорот 10 д (делница на автопатот Прилеп– Битола) во Република Северна Македонија („Сл. весник на Република Северна Македонија“ бр.163/21, 111/23, 255/24) потребно е да се изработи проектна документација за градби од стратешки интерес за изградба на патен Коридор 10д, Делница на автопат: Прилеп-Битола, Општина Прилеп, Општина Могила и Општина Битола.<br>Измена и дополна на урбанистички проект за градби од стратешки интерес за изградба на патен Коридор 10 д, делница на автопат: ПРИЛЕП - БИТОЛА, Општина Прилеп, Општина Могила и Општина Битола (km 7+825.81 – km 37+072) ИЗМЕНА И ДОПОЛНА бр.2 со стационажа km 0+000 – km 39+453, треба да се изработи согласно Законот за урбанистичко планирање („Сл. весник на Република Северна Македонија“, бр. 32/2020, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25), Правилникот за урбанистичко планирање („Сл. весник на Република Северна Македонија“ бр.225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 07/25 и ): Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија бр. Y41423і со Решение за УПП (УП1-15-410/1 од 26.01.2026 )и останатата законска регулатива која е релевантна за проектниот процес и реализација на проектот. Со Урбанистичкиот проект за градби од стратешки интерес, согласно чл. 63-а од Законот за урбанистичко планирање („Сл. весник на Република Северна Македонија“, бр. 32/2020, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25), треба да се уреди проектниот опфат за изградба на државниот пат. |
| **Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?** |
| Да X<br>Не ☐ |
| **Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?** |
| 1- УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ГРАДБИ ОД СТРАТЕШКИ ИНТЕРЕС ЗА ИЗГРАДБА НА ПАТЕН КОРИДОР 10 Д, ДЕЛНИЦА НА АВТОПАТ: ПРИЛЕП - БИТОЛА, Општина Прилеп, Општина Могила и Општина Битола<br>(km 7+825.81 – km 37+072)<br>2- ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ГРАДБИ ОД СТРАТЕШКИ ИНТЕРЕС ЗА ИЗГРАДБА НА ПАТЕН КОРИДОР 10 Д, ДЕЛНИЦА НА АВТОПАТ: ПРИЛЕП - БИТОЛА, Општина Прилеп, Општина Могила и Општина Битола (7+825,81-37+072) од км 7+825 до км 11+740 со пристап до пропратни содржини за патниот коридор |
| **Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.** |
| ДА: |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - Транспорт: краткорочни, среднорочни и долгорочни плански документи кои се однесуваат на дефинирање на развојот и унапредувањето на патниот, железничкиот, водениот и авио транспортот | | | |
| **Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5)** | | | |
| Да √<br>Не | Член: 3 | Точка: 7 | Алинеја: 1 |
| **Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор.** | | | |
| Да, Прилог I - Проекти за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на влијанијата врз животната средина, точка 7. Изградба на автопатишта | | | |
| **Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.** | | | |
| Не | | | |
| **Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.** | | | |
| На основа на направената детална сообраќајна анализа и анализата на условите на теренот, како оптимално и најрационално прифатливо решение кое овозможува изградба на современа делница на Коридорот 10д согласно утврдените меѓународни стандарди за ваков тип на патни правци и со цел на избегнување на зафаќање на нов плански опфат и деградација на нови земјени површини од еколошки, економски и социјален аспект, за изградба на делницата со Проектната програма е прифатено решението проектниот правец на трасата на автопатот да го прати постојниот пат.<br>Со избраното решение за изградба на делницата на Коридорот 10д се овозможува имплементирање и развој на одржлив транспортен сектор и изградба на сообраќајна инфраструктура, што ќе се интегрира во Транс-европската транспортна сообраќајна мрежа (ТЕН-Т), регулирана во согласност со начелата на почитување на универзалното право на „мобилност" за сите и усогласена со правилата и регулативите на Европската Унија. Оваа цел е опфатена и во Националната Транспортна Стратегија 2018-2030, општа цел 1: Јакнење на интеграцијата во ЕУ и промовирање на регионалната соработка, посебна цел 1.1: Да се заврши основната и сеопфатната мрежа на СЕЕТО/ДоТЗ што минува низ националната територија и да ги надгради стандардите на постојната патна и железничка инфраструктура до ниво на модерни технички и оперативни стандарди.<br>Со реализацијата на проектот се очекуваат многу придобивки, односно, ќе се намали времето за патување, ќе се зголеми економичноста, удобноста и безбедноста на сообраќајот, согласно современите сообраќајни стандарди, ќе се подобри одводнувањето на патот, ќе се подобри состојбата на мелирационите канали, ќе се подобри сообраќајната комуникација на локалното население и ќе се овозможи поврзување со инфраструктурната мрежа на патниот правец А3, кој е дел од патната мрежа на Република Северна Македонија и регионалната инфраструктурна сообраќајна мрежа. | | | |

| |
|---|
| **Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)** |
| Планирање на просторот. |
| **Периодот за донесување на планскиот документ.** |
| 2026 година. |
| **Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?** |
| / |
| **Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа)** |
| Предметниот патен правец се протега во јужниот дел на РС Македонија, од Прилеп до Битола и претставува дел од државната патна мрежа, односно од патниот правец А3. Почетокот на трасата е на северо-источната страна на градот Прилеп во близина на вкрстувањето на улица Александар Македонски со постојниот пат Прилеп-Градско, додека пак крајот на трасата е од северната страна на градот Битола во близина на с. Крклино, кај постојниот патен јазол. Предмет на овој проект е делот од патниот коридор од **km 0+000 – km 39+453** со пристап до пропратни содржини за патниот коридор. Вкупната површина на планскиот опфат на **Измена и дополна на урбанистички проект за градби од стратешки интерес за изградба на патен Коридор 10 д, делница на автопат: ПРИЛЕП - БИТОЛА, Општина Прилеп, Општина Могила и Општина Битола (km 7+825.81 – km 37+072) ИЗМЕНА И ДОПОЛНА бр.2 со стационажа km 0+000 – km 39+453**, изнесува **563.64ha**, а должината на предвидената траса изнесува околу 39,5 km и се протега низ општините Прилеп, Могила и Битола. Предметниот проектен опфат е целосно во границите на издадените Услови за планирање Y41423 од август 2023 и Y41423i од ноември 2025.<br>Границите на проектниот опфат на урбанистичкиот проект од стратешки интерес, може да бидат утврдени со еден урбанистички проект за градби од стратешки интерес или во фази со повеќе урбанистички проекти за градби од стратешки интерес.<br>Во оваа фаза, предмет на оваа урбанистичко проектна документација е изработка на **Измена и дополна на урбанистички проект за градби од стратешки интерес за изградба на патен Коридор 10 д, делница на автопат: ПРИЛЕП - БИТОЛА, Општина Прилеп, Општина Могила и Општина Битола (km 7+825.81 – km 37+072) ИЗМЕНА И ДОПОЛНА бр.2 со стационажа km 0+000 – km 39+453**, со површина од **563.64ha** и должина од околу 39,5km. |


Одобрена Измена и дополна на УПГСИ за
Коридор 10Д, Делница на автопат:
Прилеп - Битола, (7+825,81-37+716)
од км 7+825 до км 11+740 со пристап до
пропратни содржини за патниот коридор
0+000
Прилеп
7+825,81
11+740
ОДОБРЕН УПГСИ ЗА КОРИДОР 10Д
ДЕЛНИЦА НА АВТОПАТ ПРИЛЕП -
БИТОЛА (км0+000 - км 39+453)
ОДОБРЕН УПГСИ ЗА КОРИДОР 10Д
ДЕЛНИЦА НА АВТОПАТ ПРИЛЕП -
БИТОЛА (км7+825,81 - км 37+072)
37+072
39+453


Позајмиште
Коридор 10Д-делница:
Прилеп-Битола
КРИВОГАШТАНИ
ПРИЛЕП
МОГИЛА
НОВАЦИ
NW=78‰
SW=39‰
S=131‰




**Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ.**

Да √

Не

**Дали е приложена копија од целите?**

Да ☐

Не √

| **Резиме на влијанијата врз животната средина**<br>(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.) | |
|---|---|
| **Потенцијални влијанија врз животната средина од планскиот документ.**<br>Влијанијата, кои се претпоставува дека може да произлезат со имплементација на оваа предметна документација, може да се разгледуваат од аспект на идни придобивки, односно позитивни влијанија и од аспект на негативни влијанија, како и генерални мерки за заштита, намалување и ублажување на негативните влијанија.<br>**Очекувани позитивни влијанија**<br>Со имплементација на планскиот документ се очекуваат многу идни придобивки, односно, ќе се намали времето за патување, ќе се зголеми економичноста, удобноста и безбедноста на сообраќајот, согласно современите сообраќајни стандарди, ќе се подобри одводнувањето на патот, ќе се подобри состојбата на мелирационите канали, ќе се подобри сообраќајната комуникација на локалното население и ќе се овозможи поврзување со инфраструктурната мрежа на патниот правец А3, кој е дел од патната мрежа на Република Северна Македонија и регионалната инфраструктурна сообраќајна мрежа.<br>**Очекувани негативни влијанија**<br>Со имплементација на планскиот документ се очекуваат негативни влијанија доколку планираните проектни активности не се управуваат соодветно. Овој проект произлегува од Националната Транспортна Стратегија 2018-2030 за која е подготвен Извештај за стратегиска оцена на животната средина, во кој е даден осврт на можните влијанија врз медиумите на животната средина и дадени се предлог мерки за намалување или избегнување на истите. Согласно националната законска регулатива, овој проект припаѓа во Прилог I - Проекти за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на влијанијата врз животната средина, точка 7. Изградба на автопатишта, заради што ќе се изработи Студија за оцена на влијанијата на проектиот врз животната средина (Студија за ОВЖС) во која ќе се даде детален преглед на сите очекувани емисии и влијанија врз медиумите на животната средина и предлог мерки за нивно намалување, ублажување или избегнување, со цел заштита на животната средина. | |
| **Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата** | При реализација на проектот предвиден со планската документација се очекуваат негативни влијанија врз животната средина за време на изградба на делницата Прилеп - Битола и при нејзино функционирање, односно во оперативна фаза. Ќе се генерираат емисии во воздухот од градежните активности и од механизацијата и транспортот, отпадни води, отпад, бучава, вибрации, евентуални несакани истекувања и сл. кои може да предизвикаат негативни влијанија врз здравјето на луѓето, воздухот, водата, почвата, биолошката разновидност, пределот и сл.<br>Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на овие влијанија ќе биде различна и истите ќе бидат детално анализирани и оценети во рамки на Студија за ОВЖС и за секое влијание во рамки на истата ќе се предвидат мерки за намалување, ублажување или |

| | |
|---|---|
| | избегнување на истото. |
| **Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето** | Не се очекуваат кумулативни влијанија врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. |
| **Прекугранична природа на влијанијата** | Нема. |
| **Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи)** | Со проектното решение можните ризици од несреќи се сведени на минимум, бидејќи ќе се подобрат условите на сообраќајот, на веќе постоечки пат. |
| **Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната)** | Вкупната површина на планскиот опфат според издадените УПП, за Коридор 10д изнесува 2.222,77 ha, а должината на планираната траса изнесува околу 40 km и се протега низ три општини: Општина Прилеп, Општина Могила и Општина Битола.<br>Според податоците од Пописот од 2021 година во Општина Прилеп живеат вкупно 69.025 жители.<br>Според податоците од Пописот од 2021 година во Општина Могила живеат вкупно 5.283 жители.<br>Според податоците од Пописот од 2021 година во Општина Битола живеат вкупно 85.164 жители. |
| **Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:** | |
| Позитивно влијание врз социо-економските развој на општините, отварање на нови работни места, зголемување на стапката на економски раст, стимулирање на развојот на останатите дејности, проектирањето, комуналните дејности, градежништвото, трговијата, начинот на живеење и сл., зголемување на приходите на локалната самоуправа, подобрување на комуналната инфраструктура и уреденост на просторот. | |
| **Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:**<br>Планскиот концепт е во директна зависност од создадените и природните фактори, композиција, односно естетско обликување на просторот. Одржливиот развој е принципот врз кој се базира планскиот концепт. | |
| **Посебни природни карактеристики или културно наследство** | Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, на просторот за изградба на патен коридор 10 Д, делница на Автопат: Прилеп-Битола, Општина Прилеп, Општина Могила и Општина Битола, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.<br>Просторот на предметната документација се наоѓа на територијата на подрачјето "Пелагонија", коешто согласно Предлог - Репрезентативната мрежа на заштитени подрачја, изработена во рамките на проектната активност Ref RFP 79/2009 "Развој на репрезентативна мрежа на |

| | |
|---|---|
| | заштитени подрачја" од Проектот 00058373-PIMS 3728 „Зајакнување на еколошката, институционалната и финансиската одржливост на системот на заштитени подрачја во Република Македонија", технички и финансиски подржана од Програмата за развој на Обединетите нации - UNDP и Глобалниот Еколошки Фонд - GEF е предложено за заштита од како подрачје значајно за зачувување/управување со одредени видови флора и фауна или заштита на пределските карактеристики. За овие подрачја не се предлага нивно прогласување во некоја од шесте категории на заштита, туку соодветни мерки за заштита на видовите.<br>Предметната локација влегува во Национална Емералд мрежа на подрачје од посебен интерес за зачувување (ASCI), поточно во Емералд подрачје Пелагонија. Овие подрачја се назначени со цел зачувување на мрежата на природни живеалишта согласно Бернска Конвенција, која е ратификувана во нашата држава.<br>Доколку при изработка на Студијата за ОВЖС или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, ќе се предвидат мерки за заштита на природното наследство.<br>Во подрачјето на предметниот проектен опфат и неговата непосредна близина се наоѓаат повеќе добра кои претставуваат културно наследство. Позначајни археолошки локалитети се следните:<br>• Каракамен (4-820-106/664) населба енеолит<br>• Илистица -античка населба<br>• Стара Црква, сакрален објект и некропола, ЕМБ 4-820-098/648<br>• Џаферица, локалитет доцноантички период, ЕМБ-4-820-098/646<br>• Висои, некропола-тумули од железното време, 4-802-115/88 РНД<br>• Црквиште, неропола од раноантичкото и хеленистичкото време, 4-802-006/1 ЕНД<br>• Шукаловец, населба од римското време, 4-802-006/176 ЕНД<br>При изработка на Студијата за ОВЖС ќе бидат направени подетални теренски и литературни анализи за идентификација на археолошки локалитети, со цел да се утврди точната позиција на локалитетите со културно наследство и во таа смисла да се применат плански мерки за заштита на културното наследство. |
| **Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности** | Со имплментација на мерките кои ќе бидат предложени во Студијата за ОВЖС нема да има значителни влијанија врз квалитетот на животната средина и здравјето на луѓето, ниту надминување на гранични вредности. |

| | |
|---|---|
| **Интензивна употреба на земјиштето** | Согласно проектното решение трасата на автопатот го прати постојниот пат, односно земјиштето е веќе изградено. |
| **Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признат статус на национални или меѓународни заштитени подрачја.** | Согласно националната стратегија за биодиверзитет, националната црвена листа на флора и фауна на РСМ и спроведените теренски посети, во рамките на проектната локација и нејзиното пошироко опкружување не се идентификувани загрозени, значајни растителни и животински видови.<br>Проектниот опфат е надвор од границите на заштитени Натура 2000 подрачја.<br>Просторот на предметната документација се наоѓа во подрачје "Пелагонија" кое е предложено за заштита како Емералд Подрачје.<br>Сите локалитети кои имаат признат статус на национални или меѓународни заштитени подрачја се на безбедна раздалеченост од проектните активности.<br>При изработката на документацијата ќе се предвидат и преземаат соодветни технички мерки за применување на добра градежна пракса и ќе се води сметка за заштита на природното наследство при сите фази на траење на проектот. |

**Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:**

Планскиот документ предвидува изградба на делница Прилеп-Битола, со должина од околу 40 km, која поминува низ општините Прилеп, Могила и Битола. Автопатската делница согласно проектното решение го прати постојниот пат. Теренот, на целиот дел на трасата е рамничарски.

**Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):**

Планскиот документ предвидува изградба на автопатска делница која согласно проектното решение го прати постојниот пат. Во рамки на Студијата за ОВЖС детално ќе се оценат можните влијанија врз животната средина, за кои ќе се дадат предлог мерки за нивно намалување, ублажување или избегнување, со цел заштита на животната средина.

**Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој:**

**(Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови).**

Имплементацијата на планската содржина предвидена со проектот ќе допринесе за развој на општините и државата во целост.

Но, од аспект на животната средина може да се генерираат емисии кои може да предизвикаат влијанија врз медиумите од животната средина, заради што истите детално

ќе бидат анализирани на ниво на Студија за ОВЖС и ќе се предложат мерки за нивно намалување, ублажување или избегнување.

Од аспект на одржливост, донесувањето на проектот позитивно ќе влијае врз:

- Привлекување на нова работна сила и вработување, намалување на сиромаштијата;
- Допринос во локалната и национална економија.

**Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност.**
**(Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)**

Овој проект ќе го намали аерозагадувањето на предметната делница, додека се очекува да има зголемена фреквенција на превозни средства. Од друга страна со проектот се предвидува изградба на делница Прилеп – Битола, за која ќе се имплементираат современи решенија кои ќе влијаат позитивно врз сообраќајното решение и ќе ги надминат проблемите и предизвиците кои ги имал постоечкиот пат Прилеп – Битола.

**Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина.Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.**

Условите за планирање претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот, обработени во согласност со Просторниот план на Р. Македонија.

Овој плански документ е поврзан со:

- Просторен план на РМ;
- Националната Транспортна Стратегија;
- Национална стратегија за одржлив развој во РМ;
- Втор национален еколошки акционен план на РМ;
- Стратегија за демографски развој на РМ;
- Стратегија за подигање на јавната свест во животната средина;
- Стратегија за мониторинг на животната средина.

**Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претхоходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.**

Нема спроведено претходна оценка на потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ.

Проектот произлегува од Националната Транспортна Стратегија 2018-2030 за која е подготвен Извештај за стратегиска оцена на животната средина, во кој е даден осврт на можните влијанија врз медиумите на животната средина и дадени се предлог мерки за намалување или избегнување на истите.

<table>
<tr><td colspan="2">Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).<br>Согласно Законот за животна средина и Уредбата за определување на критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оценка на влијанијата врз животната средина, проектот припаѓа во Прилог I - Проекти за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на влијанијата врз животната средина, точка 7. Изградба на автопатишта, заради што ќе се изработи Студија за ОВЖС во која ќе се даде детален преглед на сите очекувани емисии и влијанија врз медиумите на животната средина и предлог мерки за нивно намалување, ублажување или избегнување, со цел заштита на животната средина.</td></tr>
<tr><td>ИЗЈАВА</td><td>Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни.</td></tr>
<tr><td>Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот</td><td>Министер<br>Александар Николоски</td></tr>
<tr><td>Бр. 07-997/3<br>Датум: 17.02.2026 год.<br>Место: Скопје</td><td>М.П.</td></tr>
</table>